Друштво за услуги
МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 03-2223/1
04-06 2013 год.
Скопје

12 06 2013

22-1744/1

До

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
И АДМИНИСТРАЦИЈА Скопје
- Кабинет на Министерот Иво Ивановски -

Почитувани,

Во прилог на писмото Ви испраќаме забелешки и сугестии на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да придонесеме во постапката за негово прифаќање и донесување.

Во знак на соработка,

Срдечно,

Јана Станисављева
Извршен директор
МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА

Скоппје, 17.05.2013.

Закон за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги

Законот за медиуми е пуштен на јавна расправа ( електронска ) преку www.ener.gov.mk на 08.04.2013,. Истиот ден, Министерството за информатичко општество и администрација ја одржа првата средба на која беше разгледан Акциониот план за јавната расправа по нацрт - работната верзија на Законот.
Законот за медиуми ги содржи нашите почетни сугестии дадени во фаза на расправата од потреба за донесување на Закон за медиуми во периодот декември 2011 - март 2012,. кои се однесуваа токму на потреба од донесување на закон - кодификација на медиумите на територија на земјата, дефинирање на поимите, основните начела и саморегулацијата.

Медиа Принт Македонија ги издава најтиражните и највлијателни печатени медиуми на пазарот (дневни,неделни и двонеделни) и вработува најголем број новинари, како носители на дејноста. Процесот на издавање е поддржан со сопствено печетење и дистрибуција на весниците.
Медиа Принт Македонија во текот на своето постоење ја менувала сопственичката структура и направила повеке статусни промени, правно и економски поврзувајки го домашното со странското законодавство.
Сето тоа не прави доволно компетентни, во поддршка на Законот за медиуми, да дадеме забелешки на предлог текстот во интерес на слободата на изразување, заштита на новинарите, заштита на неприкосновеноста на приватната сопственот и работата со печатени медими.

Член 4 - се однесува на слобода на изразување.
Став 3 е преземен од регулативата во член 10 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи. Во него се вели ,, слободата на медиумите може да биде ограничена **само кога и доколку тоа е нужно**...,,.
Став 4 е инкопатибилен на став 3 бидејки вели ,, **забранeто е** ,, како интерпретација на став 3.
Предлагаме став 4 да се брише поради неодржливост на ,,нужност,, и ,,забрана,, во ист член, дотолку повеке што целта на ограничувањето е постигната веке во став 3.
Став 8 го дефинира издавачот како самостоен креатор на уредувачката политика. Издавачот е носител на работата со печатени медиуми, а **уредувачката политика е право и обврска на главниот и одговорен уредник** во корелација со колегиумот на редакцијата.
Предлагаме став 8 да се брише бидејки издавачот е заштитен од надворешни влијанија преку правото да именува одговорен уредник.
Во тој контекст и последната алинеја од член 5 треба да се однесува **само** на главниот и одговорен уредник.

Член 8 - се однесува на уредниците

Предлагаме ставот 1 да се дополни со **„согласно постапката утврдена во општиот акт„.** **Ставот 2 да се брише** поради тоа што постапката за именување на главен и одговорен уредник е исклучиво право, обврска и одговорност на издавачот - сопственик на печатениот медиум ( в.в. Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета ). Должноста да се побара мислење го повредува правото на приватна сопственост и неосновано ја пролонгира постапката за избор која мора да биде брза и ефикасна.

Член 9 - се однесува на уредништво.

**Уредништво** подразбира главен и одговорен уредник и уредници на рубрики.Набројаните во членот ја сочинуваат **редакцијата**.Предлагаме членот да се преформулира.

Член 10 - се однесува на акти на медиумот.

Предлагаме во ставот 1 алинеја 4, текстот „како и начинот на учество на новинарите во постапката за именување и разрешување на одговорниот уредник„ да се брише.

Ставот 2 да се брише во целост.

Ставот 3 да се брише во целост ( образложение кон чл.8 )

Ставот 6 да се брише бидејќи во член 15 не се регулирани конкретни саморегулаторни акти.

Член 11 - се однесува на право на новинарот да го изнесе својот став.

Од членот не произлегува каде новинарот има право да го изрази својот став, односно дали во јавноста преку свој напис, во редакцијата или кај издавачот.Овој член доколку се однесува на заштита на новинарот во поглед на дадено мислење, треба да биде комплетно преуреден.Поставен вака не ја постигнува целта. Предлагаме да се регулира **издвоено мислење** во редакцијата за кое новинарот не би одговарал.

Член 12 - се однесува на правото на новинар да одбие да изврши налог, односно задача.

Овој член го оневозможува главниот и одговорен уредник да интервенира во новинарски текст што е спротивно на член 8 став 3 од овој Закон. Предлагаме овој член да се преуреди во заштита на новинарот како работник, дотолку повеќе што ставот 4 претставува основ да се побијат предходните три става.

Член 15 - корегулација и саморегулација.

Овој член ја предвидува саморегулацијата и на тоа треба да остане. Корегулацијата и саморегулацијата на ниво на држава е тема на обработка на некој иден закон.Бидејќи е иден, Зконот за медиуми неможе да регулира навестување.

Саморегулацијата е исклучиво право ( при постоечкото позитивно законодавство ) на медиумот.Поради тоа предлагаме саморегулаторните

акти да не бидат предмет на третирање на Агенцијата, туку соработката во саморегулацијата и подоцна во корегулацијата да биде право на медиумите.

Член 16 - се однесува на импресумот.

Тиражот на печатените медиуми е деловна тајна на издавачот од сто зависи целокупната работа на медиумот. Предлагаме да се остави на издавачот да реши дали ке објавува број на печатени примероци во својот импресум постојано или тоа ке го прави за посебни изданија на весникот.

Член 54 - се однесува на електронски публикации

Предлагаме Издавачот на електронска публикација да има седиште, редакција од најмалку 7 вработени и главен уредник.